Република Северна Македонија
Министерство за дигитална трансформација

RFC2350

1. Преглед

1.1. Вовед

Со овој документ се опишува организацијата, надлежностите, услугите и начинот на работа на Тимот за одговор на компјутерски инциденти за органите на извршната власт (MKD-GOV-CSIRT), кој функционира во рамки на Министерството за дигитална трансформација.

MKD-GOV-CSIRT постапува по пријавени или идентификувани сајбер безбедносни инциденти на мрежните и информатичките системи на Владата, министерствата, самостојните органи на државната управа, органите на државната управа во состав на министерствата, управните организации, општините, општините во градот Скопје и градот Скопје, со цел навремено откривање, анализа, координација и ублажување на последиците од компјутерски и мрежни инциденти.

Документот е поделен во неколку целини, при што секоја целина обезбедува јасни насоки и процедури за правилно и навремено пријавување на компјутерски инциденти до MKD-GOV-CSIRT, како и информации за комуникација и соработка со тимот.

1.2. Цел

Целта на овој документ е да обезбеди јасен, целосен и транспарентен опис на MKD-GOV-CSIRT, во согласност со барањата утврдени во RFC 2350. Документот ја прикажува организациската поставеност и составот на тимот, ги дефинира официјалните канали за комуникација и контакт, како и надлежностите, одговорностите и услугите што ги обезбедува MKD-GOV-CSIRT.

Дополнително, документот обезбедува насоки и информации за начинот на пријавување и постапување по сајбер безбедносни инциденти кои ги засегаат мрежните и информациските системи во надлежност на MKD-GOV-CSIRT, со цел унапредување на координацијата, ефикасноста и соработката со засегнатите субјекти.

Министерство
за дигитална трансформација на
Република Северна Македонија

Ул. „Филип Втори Македонски" бр.11, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 320 0999
www.mdt.gov.mk

1.3. Опсег

Опсегот на овој документ се однесува на мрежните и информациските системи на институциите од јавниот сектор на Република Северна Македонија, вклучувајќи ги системите на Владата, министерствата, органите и организациите на државната управа, како и системите на единиците на локалната самоуправа, општините во градот Скопје и градот Скопје.

1.4. Референции / Врски

RFC2350

2. Информација за документот

2.1. Датум на последна промена

Оваа верзија на документот е со важност се до објава на нов документ со следен број на верзија.

2.3. Локации каде може да се најде овој документ

Тековната верзија што е во важност постојано е достапна на официјалната веб страна на Министерството за дигитална трансформација.

2.4. Автентикација на овој документ

Овој документ е потпишан со PGP клуч на MKD-GOV-CSIRT.

Потписот е достапен на официјалната веб страна на МДТ/ MKD-GOV-CSIRT.

3. Информации за контакт

3.1. Назив на тимот

Целосен назив: Тим за одговор на компјутерски инциденти за органите на извршната власт.

Скратен назив: MKD-GOV-CSIRT

Министерство
за дигитална трансформација на
Република Северна Македонија

Ул. „Филип Втори Македонски" бр.11, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 320 0999
www.mdt.gov.mk

3.2. Адреса

Министерство за дигитална трансформација

ул. Филип Втори Македонски бр. 11

1000 Скопје

Република Северна Македонија

3.3. Временска зона

CET / CEST

Central European Time / Central European Summer Time

3.4. Телефонски број

Работни часови: + 3240 900

Дежурен телефон: +38980021111

3.5. Други телекомуникации

Веб сајт: https://mdt.gov.mk/mk-MK/mkd-gov-csirt

3.6. Адреси за е-пошта

cyber.security@csirt.gov.mk

3.7. Информација за јавни клучеви и енкрипција

Е-адресата cyber.security@csirt.gov.mk што ја користи MKD-GOV-CSIRT го дели истиот PGP-клуч, како што е документирано подолу:

- **Key ID:** 0F304D6A8BD0791B
- **Key Type:** RSA 4096

- **Key Fingerprint:** 2D22D1F0983C08BC5DCD0DEB0F304D6A8BD0791B

Public key:

Јавниот клуч и неговите потписи може да се најдат на вообичаените големи сервери за јавни клучеви, како и на веб-страницата на МДТ https://mdt.gov.mk/mk-MK/mkd-gov-csirt . Со овој клуч се потпишува секоја комуникација од MKD-GOV-CSIRT. Исто така, се користи за било каква доверлива комуникација со MKD-GOV-CSIRT (известувања за инциденти, предупредувања).

3.8. Членови на тимот на MKD-GOV-CSIRT

MKD-GOV-CSIRT е составен од сајбер професионалци кои се вработени во Министерството за дигитална трансформација. Од безбедносни причини, целосната листа на членови на тимот не е јавно достапна. При официјална комуникација поврзана со сајбер безбедносен инцидент, членовите на тимот се идентификуваат кон страната што го пријавува инцидентот со целосно име и презиме и службена функција.

3.9. Други информации

Општи информации за MKD-GOV-CSIRT како и врски или линкови кон други препорачани ресурси за информациска безбедност може да се најдат на јавната веб страна на МДТ-MKD-GOV-CSIRT https://mdt.gov.mk/mk-MK/mkd-gov-csirt.

3.10. Точки за контакт со корисници

Денови/часови на работа на MKD-GOV-CSIRT

Преферираниот метод за контакт со тимот на MKD-GOV-CSIRT е испраќање е-пошта на адресата cyber.security@csirt.gov.mk , која ја следи дежурен вработен 24/7.

Контакт телефон: + 3240 900

Итни случаи може да се пријават 24/7 по телефон на +38980021111

Работно време: 08:00 до 16:00 од понеделник до петок (освен празници).

4. Повелба

4.1. Изјава за Мисија на MKD-GOV-CSIRT

Мисијата на MKD-GOV-CSIRT е да изгради и одржува сигурна, стабилна и отпорна сајбер средина во рамките на Владата и органите на државната управа, преку интегриран пристап кон управување со сајбер ризици и инциденти.MKD-GOV-CSIRT ја остварува својата мисија преку:

- превенција и управување со компјутерски безбедносни инциденти;
- координација и размена на информации за сајбер закани со националниот CSIRT и други релевантни институции;
- поддршка на конституентите при идентификација, анализа и решавање на сајбер инциденти;
- обезбедување на стратешки и оперативни насоки за имплементација на мерки за сајбер безбедност;
- промовирање на свеста за сајбер закани и употреба на безбедносни алатки и стандарди.

4.2. Конституенти на MKD-GOV-CSIRT се:

Конституенти на MKD-GOV-CSIRT се институциите чиј мрежни и информатички систем спаѓа во надлежност на тимот, вклучувајќи ги:

- Владата на Република Северна Македонија;
- министерствата;
- органите и организациите на државната управа;
- единиците на локалната самоуправа, вклучително општините во градот Скопје и градот Скопје.

4.3. Спонзорство/Поддршка и поврзаност

MKD-GOV-CSIRT е формиран и спонзориран од Министерството за дигитална трансформација како дел од Владата на Република Северна Македонија.

Тимот одржува соработка и размена на информации со:

Министерство
за дигитална трансформација на
Република Северна Македонија

Ул. „Филип Втори Македонски" бр.11, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 320 0999
www.mdt.gov.mk

- MKD-CIRT, Националниот центар за одговор на компјутерски инциденти, за координација и заеднички постапки при инциденти;
- домашни CSIRT / CERT тимови;
- меѓународни организации и мрежи за управување со сајбер инциденти и кризи, вклучително EU-CyCLONe;

4.4. Надлежност

Согласно член 12 од Законот за безбедност на мрежни и информациски системи („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 135/2025), MKD-GOV-CSIRT е тим за одговор на компјутерски инциденти за органите на извршната власт, кој функционира како организациска единица во состав на Министерството за дигитална трансформација.

Во рамките на својата надлежност, MKD-GOV-CSIRT:

- врши превенција, рана детекција, анализа и координиран одговор на сајбер безбедносни закани и инциденти кај субјектите од своја надлежност;
- изготвува планови, протоколи и технички насоки за управување со сајбер ризици, значајни инциденти и сајбер кризи;
- дава предупредувања, соопштенија, препораки и стручна поддршка до органите на извршната власт и другите субјекти утврдени со закон;
- води регистри и евиденции за инциденти, критични области и субјекти согласно законските одредби;
- соработува и врши размена на информации со Националниот центар за одговор на компјутерски инциденти (MKD-CIRT), надлежните државни органи, како и со домашни и меѓународни организации и мрежи;
- врши надзор над суштинските и важните субјекти во рамките на својата законска надлежност и предлага или изрекува мерки согласно закон;
- организира и спроведува обуки, вежби и активности за подигање на свеста и јакнење на капацитетите за сајбер безбедност;
- подготвува годишни извештаи и други стратешки и оперативни документи од областа на сајбер безбедноста;
- врши и други работи утврдени со закон.

Министерство
за дигитална трансформација на
Република Северна Македонија

Ул. „Филип Втори Македонски” бр.11, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 320 0999
www.mdt.gov.mk

5. Политики

5.1. Типови на инциденти и нивоа на поддршка

MKD-GOV-CSIRT, како тим за одговор на компјутерски инциденти за органите на извршната власт, постапува по сајбер безбедносни инциденти и закани што ги засегаат мрежните и информатичките системи на субјектите под негова надлежност, во согласност со законските дефиниции и обврски.

Инцидентите се класифицираат според нивното влијание врз достапноста, доверливоста, интегритетот или функционирањето на системите, вклучувајќи, меѓу другото, значајни сајбер-безбедносни инциденти и други инциденти што можат да предизвикаат нарушување на услуги, финансиски загуби или штета за корисниците.

Нивото на поддршка што го обезбедува MKD-GOV-CSIRT варира во зависност од сериозноста, обемот и потенцијалните ефекти на инцидентот, како и од расположливите ресурси, при што приоритет се дава на инциденти што значително влијаат на критичните системи на Владата и јавниот сектор.

5.2. Соработка, Интеракција и Откривање на информации

MKD-GOV-CSIRT високо ја цени оперативната соработка и споделувањето на информации со:

- Националниот CIRT (MKD-CIRT);
- други владини и јавни институции;
- меѓународни CSIRT и CERT мрежи;
- конституенти и други организации што можат да придонесат за безбедноста.

Сите примени информации се третираат како доверливи. Споделените информации се откриваат само на овластени страни и се класифицираат според протоколот Traffic Light Protocol (TLP). MKD-GOV-CSIRT ги штити осетливите информации согласно законската регулатива во Република Северна Македонија.

Министерство
за дигитална трансформација на
Република Северна Македонија

Ул. „Филип Втори Македонски" бр.11, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 320 0999
www.mdt.gov.mk

5.3. Комуникација и Автентикација

Преферирaн начин на комуникација со MKD-GOV-CSIRT е преку е-пошта. Доколку тоа не е можно или не е препорачливо од безбедносни причини (на пример за чувствителни податоци), MKD-GOV-CSIRT е достапен во работно време преку телефон. Надвор од работното време е достапен дежурен телефонски број, чија достапност се применува според принципот на најдобар напор.

Телефонската комуникација може да се користи како доволно безбеден начин за размена на некласифицирани информации или информации со ниска осетливост, дури и без енкрипција. Не енкриптирани пораки по е-пошта нема да се сметаат за доволно безбедни за доверливи податоци, но се доволни за некласифицирани информации.

Кога е потребно да се воспостави доверба, на пример пред пренос на информации до MKD-GOV-CSIRT или пред откривање на доверливи податоци, се воспоставува сигурна автентикација на идентитетот на испраќачот.

Безбедноста на комуникацијата се обезбедува преку методи како PGP или други претходно договорени начини, зависно од нивото на чувствителност на информацијата.

При испраќање на осетливи податоци преку е-пошта или мрежни преноси, податоците мора да се енкриптираат, користејќи ги клучевите на MKD-GOV-CSIRT. Целата податочна комуникација, вклучително и иницираната од MKD-GOV-CSIRT е дигитално потпишана со PGP клучеви на тимот или со клучеви за дигитален потпис на овластен вработен.

Користењето на енкрипција и дигитално потпишување се препорачува при испраќање информации до MKD-GOV-CSIRT, особено кога се работи за осетливи или доверливи податоци.

Кога се испраќа пријава за инцидент, потребно е да се достави:

- Забелешка за итноста на инцидентот;
- Потребата од повратна информација;
- Формуларот за пријава на инцидент.

Министерство
за дигитална трансформација на
Република Северна Македонија

Ул. „Филип Втори Македонски" бр.11, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 320 0999
www.mdt.gov.mk

6. Услуги

MKD-GOV-CSIRT е авторизиран за управување и одговор на сите видови на компјутерски безбедносни инциденти кои се случуваат или се закануваат да се случат во мрежите, системите и услугите на институциите од јавниот сектор на Република Северна Македонија, вклучително и системите на Владата, министерствата, органите на државната управа и единиците на локалната самоуправа.

MKD-GOV-CSIRT им пружа поддршка на своите конституенти преку група од реактивни и проактивни услуги од областа на сајбер безбедност, вклучувајќи:

Управување со настани од информациска безбедност, кое опфаќа:

- следење и детекција на настани,
- анализа на настани.

Управување со инциденти од информациска безбедност, кое опфаќа:

- прием и евидентирање на пријави за инциденти од информациска безбедност,
- анализа на инциденти од информациска безбедност,
- координација на постапувањето по инциденти од информациска безбедност.

MKD-GOV-CSIRT ги координира активностите за управување со инциденти во согласност со важечкиот Закон за безбедност на мрежни и информациските системи и соработува со Националниот CIRT (MKD-CIRT) за размена на информации и координација при инциденти со голем опфат или висока критичност.

7. Формулар за пријава на инцидент

Известување за инцидент во рамките на MKD-GOV-CSIRT може да се направи на еден од следните два начини:

1. Анонимен начин – пријава на инцидент со користење на веб формуларот на MKD-GOV-CSIRT. На овој начин, инцидентите се пријавуваат анонимно. Податоците пријавени преку веб формуларот се енкриптираат

Министерство
за дигитална трансформација на
Република Северна Македонија

Ул. „Филип Втори Македонски" бр.11, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 320 0999
www.mdt.gov.mk

пред пренос со јавен клуч на MKD-GOV-CSIRT, обезбедувајќи доверливост.

2. Стандарден начин – пријава на инцидент со користење на Образец за пријава на инцидент согласно Упатството за пријавување инциденти, достапно на официјалната веб-страница на MKD-GOV-CSIRT.